

# ВИТО ВУКОВИЌ
# VITO VUKOVIC

УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ

KUNST
GALERIE
SKOPJE

ЗАВОД И
МУЗЕЈ
– ОХРИД

INSTITUT UND
MUSEUM
– OHRID

АВГУСТ 1992 AUGUST 1992

# ЗАЧУВАНАТА СЛИКА НА ЧОВЕКОТ

## За новите слики на Вито Вуковиќ

Сомневајќи се во досегашните резултати од работата, Вито Вуковиќ ги пресликува сопствените фигуративни слики. Тој стапува во креативен дијалог со нив и со самиот себе. Прегледувајќи ги критички сопствените слики, оценувајќи ја формата и бојата, тој повторно го доживува креативниот процес, ја сознава естетската порака на сликата и реагира на неа, при што пресликувајќи, ја подвргнува на своето ново чувство и новата уметничка желба. Ваквата акција се случува спонтано; од осознавањето на формата и бојата раката се движи кружно преку лененото платно, остварува гестови на разурнување и создавање, создава нови кругови, на форма и чувство. Го лови космосот во ротацијата на боите, под кои сè уште живее првобитната фигура и се назира на рабовите. Повеќето слоеви боја создаваат структурирана горна површина, чија напкатост помеѓу старото и новото, долното и горното, станува носител на новиот израз.

1.) Сликарството за Вито Вуковиќ е негов адекватен и единствен начин на изразување. Неговите поранешни фигуративни слики се оптички превод на појмовно несфатливи искуства за светот и проценки за вреднување, претскажување на делотворни сили, кои се препознатливи со битно влијание врз неговата егзистенција. Фигурите на Вито Вуковиќ укажуваат на надополнувањето и реагирањето на индивидуата, беа моментална, временски поврзана и условена фигурација на емоционално стекнатото искуство.

Гледајќи ги сега ваквите слики како минат израз, Вуковиќ не ја признава поранешната интерпретација – таа е збогатена со нови искуства, надмината, неактуелна. Ваквата неактуелност Вуковиќ ја сознава на сопствениот јазик, оптичко – естетскиот. Оттаму старите слики немаат повеќе вредност и право на егзистенција во ателјето на Вуковиќ – тие треба да се уништат со преработка на ново оживување. На корегираната естетика Вуковиќ ја подвргнува формата и бојата, ја препознава како добра или лоша, точна или погрешна. И преку тоа ја работи својата нова емоција.

Во новата слика човековата фигура е прекриена со апстрактно делотворни сили на кои Вуковиќ им позајмува адекватен израз: со намерно, испомешано или искршено кружно движење, со потегот на четката, бразди во бојата, со јак или мрачен контраст. Под новите потези се назира некое скршено око или рака, некој остаток од човекот. Палетата на бои се стеснува: доминираат сината, црвената и црната. Жолтата внесува силни контрасти.

Порано доминантната човекова фигура е потисната со пресликувањето во корист на космологичките белези со кои Вуковиќ ги опфаќа митските сили, непровидните механизми и апстрактните структури на насилство во сликата. И ги анатемисува: тие се неискажливи, а сепак губат нешто од својот ужас преку прикажувањето на сликата. Архаичните магични формули се антатемисани во форма и боја за да се одмагепса нивната анатема. Сликарски постигнатото е ослободување од неразбирливото, но сликата ги анатемисува магичните сили како оптичко доживување.

2.) Ваквиот процес во австриската уметност не е нов, но кај Вито Вуковиќ е добивка со ново значење. Арнулф Раинер пресликувал фотографии од живи и мртви маски, за да ја совлада магијата и да скрши едно табу, за да го опфати во сликата руинирањето на индивидуата и нејзината судбина. Алфред Бибер пресликувал pin – ups. Само што Вуковиќ оди на руинирање на своето сопствено искажување и неговото ново создавање во акт на уништување. Само тој ја сфаќа неодрживоста на своите поранешни позиции. Бидејќи Вуковиќ не си поставува митолошки, религиозни или политички проблеми, тој се поставува само пред своето сопствено радикално и естетско барање. Кај Рајнеровите и Биберовите пресликувања се создава една слика од сосема нов вид како негација на старата, со што процесот е завршен: изразната моќ и естетската методика на основната фигура се подвижно – антитетски разурнати и пресвртени во својата спротивност. Новите творби на Вито Вуковиќ се пак еден бескраен и често повторлив процес, бидејќи тој пресликува една подвижна слика со друга подвижна. Тој ја создава новата слика од едно разбирање на уметноста кое постојано се обновува.

Оттаму секое ново пресликување е понатамошна фаза на истиот креативен процес. Новата слика не го задржува сеќавањето на старата само во сè уште видливите делови како кај Рајнер и Бибер, но како релјефно сликовна текстура, материјално како тежина на сликата, симболично – како постојано репродуцирачка во сегашноста, врежана минатост. Ваквата постапка е ликовно филозофски и психоаналитички чин.

Nitsch не пресликува слики туку текстилни предмети, кои во култската област биле носители на функцијата и ја внесувале својата аура во уметничкото дело. Со тоа Nitsch ги реактивира и насликува старите митови во нови табуи. Во пресликувањето тој му доверува на творечкиот процес една имагинарна мудрост. Случајноста, нанесувањето на бојата, е естетска судбина. Вито Вуковиќ напротив колебливо го прекрива човекот претворен во демон, потресен од страв кој стои безнадежно во грчевиот хаос, во еден за него несватлив но од него насликан свет.

3.) Со ваквите претензии Вито Вуковиќ е дете на своето време: и порано во неговото сликање во масло беше човековата слика, која денес е постигната на цртежи во туш од мал формат. Централната естетска желба, поаѓајќи од една оптимистичка надеж за човечност, од една максима на радикален хуманитет кој сега е затрупан со сили, кои Вуковиќ не ги разбира и не сака да ги разбере. Нивното дејствување е ужасот кој што тој го препознава и не само во неговата татковина Југославија; секој став кој во неговите фигури е видлив, би го заплетнал и невиниот во вина. Тој во својот човек не наоѓа веќе невиност, значи тој ја отфрла човековата слика, при што ја задржува – во негацијата скриена под новиот сликарски слој, таа останува да постои. Со тоа Вуковиќ го искажува чувството за едно време, во кое човекот и човековата слика изгледаат како да се препуштени на уништувањето. Вито Вуковиќ му позајмува на хаосот естетски квалитет, за да може во пропаста сепак да преживее, го концентрира на естетиката чувството и говорот во сликата, неизреченото.

Сликите на Вито Вуковиќ не се само во својот зачеток на вербалната сознајност многу далечни, тие можат дури и во своите маргинални подрачја да се изразат со зборови; нивното разбирање останува во поголема мера отколку кај другите слики, задржано во директното видување.

Филип Маурер    Превод од германски: Благица Талевска, проф.

# Das aufgenobene bild vom Meneschen

## Zu den neuen Bildern von Vito Vukovic

Vito Vukovic übermalt seine eigenen figurativen Bilder. Am bisherigen Arbeitsergebnis zweifelnd, tritt er in kreativen Dialog mit seinen Produkten, mit sich selbst. Die vorhandenen Bilder kritisch durchmusternd, beurteilt er Form und Farbe, erlebt den kreativen Prozess neu, vernimmt die ästhetische Botschaft des Bildes und reagiert auf sie, indem er sie übermalend seinem neuen Empfinden und neuem künstlerischen Wollen unterwirft. Solche Aktion geschient spontan; aus dem Wahrnehmen von Form und Farbe bewegt sich die Hand kreisförmig über die Leinwand, vollführt Gesten der Zerstörung und des Erschaffens, bildet neue Kreise der Form und des Empfindens. Der Kosmos wird eingefangen in die Rotation der Farben, unter denen die ursprüngliche Figur noch lebt, an Rändern hervorschaut. Mehrere Farbschichten schaffen die strukturierte Oberfläche, deren Spannung zwischen Alt und Neu, Darunter und Darüber zum neuen Ausdrucksträger wird.

1.) Malerei ist Vito Vukovic die adäquate, seine einzige Ausdrucksweise. Seine früheren figurativen Bilder sind die optische Übersetzung von begrifflich nicht fassbaren Welterfahrungen und Werthaltungen, und die Veranschaulichung von wirkenden Kräften, die ihm als wesentlicher Einfluss auf seine Existenz erkennbar sind. Vukovic'Figuren verwiesen auf das Agieren und Reagieren des Individuums, waren momentane, zeitbezogene und zeitbedingte Figuration emotionell gefasster Erfahrung.

Solche Bilder nun als vergangenen Ausdruck betrachtend, erkennt Vukovic die frühere Interpretatiotn nicht mehr an – sie ist überlagert von neuen Eindrücken, überholt, unaktuell. Solche Unaktualität erfährt Vukovic in der ihm eigenen Sprache, der optisch-ästhetischen. Daher haben die alten Bilder keinen Wert mehr, keine Existenzberechtigung in Vukovic'Atelier – sie sind als Überholter der Vernichtung in der Neubelebung durch Überarbeitung anheimzugeben. Der korrigierten Ästhetik unterwirft Vukovic Form und Farbe, erkennt sie als gut oder schlecht, richtig oder falsch. Und arbeitet seine neue Emotion darüber.

Im neuen Bild wird die menschliche Figur überdeckt von abstrakt wirkenden Kräften, denen Vukovic adäquaten Ausdruck verleiht: die unruhige, wirre, geund zerbrochen kreiselnde Bewegung, der Gestus des Pinselstriches, das Rinnen der Farben, der grelle oder düstere Kontrast. Unter der neuen Geste schaut zerstört noch ein Auge hervor, ein Arm, ein Menschenrest. Die Farbpalette wird enger: es dominieren Blau, rot und Schwarz. Gelb setzt harte Kontraste.

Die früher dominante menschliche Figur wird in den Übermalungen zurückgedrängt zugunsten kosmologischer Zeichen, mit denen Vukovic mythische Kräfte, undurchschaubare Mechanismen und abstrakte Gewaltstrukturen im bild fasst. Und ins Bild bannt: sie sind ihm unsagbar, verlieren aber etwas von ihrem Schrecken durch die Darstellung im Bild. Archaische Zauberformeln werden in Form und Farbe gebannt, um ihren Bann zu entzaubern. Malend gelingt die Befreiung vom Unverständlichen, bannt das Bild doch die magischen Kräfte als optisches Erleben.

2.) Solcher Vorgang ist gerade in der österreichischen Kunst nicht neu, wird aber von Vito Vukovic in neue Bedeutung gefasst. Arnulf Rainer hat Fotos von Lebenden und von Totenmasken übermalt, um den Zauber zu bannen und das Tabu zu brechen, um die Zerstörung des Individuums und seines Schicksals ins Bild zu fassen. Alfred Biber übermalt Pin ups. Nur Vukovic geht an die Zerstörung seiner eigenen Aussage und ihre Neuschöpfung im Akt der Vernichtung, nur er erfasst die Hinfälligeit früherer eigener Positionen. Denn Vukovic stellt sich keinen mythologischen, religiösen oder politischen Problemen, er stellt sich nur seinem eigenen radikalen ästhetischen Anspruch. Bei Rainers und Bibers Übermalungen entsteht ein vollständig anders geartetes Bild als Negation des alten, womit der Prozess abgeschlossen ist: Aussagekraft und ästhetische Methodik der zugrunde liegenden Figur sind gestisch-antithetisch zerstört und in ihr Gegenteil verkehrt.

Vito Vukovic'Neuschöpfungen dagegen sind ein endloser, beliebig oft wiederholbarer Prozess, denn er übermalt ein gestisches Bild mit einem gestischen, schafft das neue Bild aus dem gleichen sich stets erneuernden Kunstverständnis. Daher ist jede neue Übermalung eine weitere Phase desselben kreativen Prozesses. Das neue Bild bewahrt die Erinnerung an das alte nicht nur in den noch sichtbaren Teilen wie bei Rainer und Biber, sondern auch als reliffartige Bildtextur, materiell als Gewicht des Bildes, symbolisch als sich immer neu reproduzierende, die Gegenwart prägende Vergangenheit. Solches Vorgehen ist geschichtsphilosophischer und psychoanalytischer Akt.

Nitsch übermalt nicht Bilder, sondern textile Gegenstände, die im kultischen Bereich Funktionsträger waren und ihre Aura ins Kunstwerk importieren. Damit reaktiviert und verbildlicht Nitsch alte Mythen in neuen Tabus. In der Übermalung vertraut er einer dem Schaffensprozess immanenten Weisheit. Der Zufall, der Wurf der Farbe ist ästhetisches Schicksal. Vito Vukovic dagegen überdeckt verzweifelnd den ihm zum angstgeschüttelten Dämon gewordenen Menschen und steht hoffnungslos vor dem sich ballenden Chaos einer ihm unbegreiflichen, von ihm verbildlichten Welt.

3.) Mit diesem Anspruncht ist Vito Vukovic ein Kind seiner Zeit: früher war ihm auch in seiner Ölmalerei das Menschenbild, das heute auf kleinformatige Tuschezeichnungen zurückgedrängt ist, zentrales ästhetisches Anliegen, ausgehend von einem optimistischen Hoffen auf Menschlichkeit, von einer Maxime radikaler Humanität; nun wird diese Humanität verschüttet durch Kräfte, die Vukovic nicht versteht, nicht verstehen will. Ihr Wirken ist ihm ein Greuel – er erkennt es nicht nur in seinem Heimatland Jugoslawien; jede Stellungnahme, die noch in seinen Figuren sichtbar war, würde inh nun schuldlos in Schuld verstricken. Er findet im Menschen keine Unschuld mehr, also verwirft er das Menschenbild, indem er es aufhebt – in der Negation bleibt es unter der neuen Malschicht versteckt bestehen.

Damit bildet Vukovic die Empfindung einer Zeit ab, in der der Mensch und das Menschenbild der Vernichtung anheimgegeben zu sein scheinen. Vito Vukovic verleiht dem Chaos ästhetische Qualität, um im Untergang doch überleben zu können, konzentriert auf die Ästhetik, das Empfinden und Sprechen im Bild, das Unsagbare.

Vito Vukovic'Bilder sind nicht nur in ihrer Entstehung der verbalen Begrifflichkeit sehr fern, sie lassen sich auch in ihrer Rezeption nur in marginalen Bereichen in Worte fassen, ihr Verständnis bleibt in noch höherem Mass als bei vielen anderen Bildern der direkten Anschauung vorbehalten.

Philipp Maurer

## ВИТО ВУКОВИЌ

Роден во Босна 1947 година.
Педагошка академија (ликовен оддел) завршил во Сараево 1970.
Во 1977 година отпочнал да студира во Виена на Академијата за применета уметност – оддел графика, илустрација и применета графика во класата на професор Пол Шварц, каде дипломирал и бил одликуван од Сојузното Министерство за наука и истражување. Во 1981 година завршил магистратура. Од 1972 година живее и работи во Виена како слободен уметник.
Адреса: Vito Vuković, Albertgasse 33, 1080 Wien, Austria

## VITO VUKOVIC

Geboren 1947 in Bosnien. Pflishtschule in Bosnien, Handelsakademie in Travnik Pedagogiche Akademie in Sarajewo. 1972 Studium an der Hochschule für angewandte Kunst, Wien, Meisterklasse für Graphik Prof. Paul Schwarz. Abschluß 1981 mit dem Magister artium mit Auszeichnung, Würdigungspreis des Bundesministeriums für Wissenschaft und Forscung. Gründungsmitglied der Künstlergruppe „Neum Raume der Kleinen Galerie“. Vito Vukovic lebt und arbeitet als freiberuflicher Graphiker und Maler in Wien.

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:
### EINZELAUSSTELLUNGEN:

1988 Виена, Kleine Galerie
1990 Цеље, Словенија (заедно со Чувала и Шпицер), Ликовен салон
Скопје, Нови реалисти од Австрија (заедно со Немец и Шпицер), Уметничка галерија (Даут пашин амам)
Будимпешта, Унгарија, Нови реалисти од Австрија (заедно со Чувала, Гард и Немец), Józefvárosi Galérija
Велм, Луѓе, Центар за продолжително образование – Синдикат за приватни службеници (ABZ Velm)
1991 Скопје, Уметничка галерија (Даут пашин амам)

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:
### AUSSTELLUNGSBETEILIGUNGEN:

1987 Виена, Умтници од 8. кварт во Виена – Josefstadt, Kleine Galerie
1988 Виена, Уметноста против насилството денес, Kleine Galerie
Виена, Странски уметници во Виена, Klaine Galerie
1989 Виена, Деветте простори на Клејне галеријата, Kleine Galerie
Виена, Странски уметници во Виена, Dr. Karl Renner Institut
1990 Виена, „Hommage a Vincent (изложба организирана по повод 100 годишнината од смртта на Винсент ван Гог), Kleine Galerie
Виена, „Hommage a Vincent“, Osterreichisches Tabakmuseum
Zeltweg, Штаерска, Homage a Vincent, Schloβ Farrach
Виена, Уметниците од Клајне галеријата, Народен универзитет

### КАТАЛОГ KATALOG

**СЛИКИ 1992**
**BILDS 1992**

– акрилик на платно, 105 × 125 (1,2,3,4,5,)
acryl auf leinen, 105 × 125 (1,2,3,4,5,)

– акрилик на платно, 105 × 130, (6,7,8,9,10,)
acryl auf leinen, 105 × 130, (6,7,8,9,10,)

– акрилик на платно, 105 × 140, (11,12,13,14,15,)
acryl auf leinen, 105 × 140, (11,12,13,14,15,)

издавач: уметничка галерија – скопје и завод музеј – охрид организатор на изложбата, каталошки, биографски и библиографски податоци: менка карапашовска предговор: филип маурер превод од германски: благица талевска, проф. колор слајдови: вито вуковиќ ликовно обликување: кољо мишев печат: нипро „нова македонија“ – скопје тираж: 300

herausgeber: umetnicka galerija - skopje und institut und museum - ohrid redaktion: dragan bosnakoski organisator der ausstellung, angaben für den katalog und biographie: menka karapasovska vorewort: philipp maurer übersetzund aus deutsche: blagica talevska, prof. photos: vito vukovic grafische gestaltung: koljo misev druck: nipro „nova makedonija“ – skopje auflage: 300 stuck